До: општина Битола

(имател на информацијата)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено 28-04-2021
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
41-173/1

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: _

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Во текот на 2020 година беше склучен меморандум за соработка со Агенција за млади и спорт и Сојуз за младинска работа во кој што беше предвидено да се отвори младински центар со поддршка на АМС и СМР во вашата општина, но постапката беше стопирана поради кризата со Ковид-19. Дали сте започнати со подготовки за отварање на младинскиот центар во 2021 година? До каде е постапката за отварање на младинскиот центар? Кои активности се предвидени за да се отвори младинскиот центар во 2021 година, а кои се остварени до сега? Кои се конкретните обврски на општина Битола кои произлегуваат од меморандумот за соработка?

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Архивски знак: 4105
Рок на чување: 3 год.
20.01.2022 година
Потпис

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во Скопје, 28 април 2021 година.

Потпис

____

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за економски развој

До
Лице задолжено за пристап до јавни информации

**Предмет:** Одговор на Вашето барање со број 41/173 Активности во врска со имплементација на **Законот за младинско учество и младински политики**

Во врска со Вашето барање за имплементација на Законот за младинско учество и младински политики во Општина Битола Ве известуваме:

Општина Битола од јануари 2021 год. пристапи кон формирање на **Локален младински совет** (ЛМС) согласно Закон за младинско учество и младински политики во координација со Агенција за млади и спорт и ОБСЕ со кои имаме меморандум на соработка околу подготвеноста на општината за развој и имплеметација на инклузивни младински политики 2019-2021.
Донесена е статутарна одлука за измена на Статутот на Општина Битола а нареден чекор е одлука за формирање на Локален Младински Совет и се надеваме дека до јуни месец ќе го формираме.
**Канцеларија** имаме и штом се формира ЛМС веднаш ќе биде ставена во функција.
Во тек е постапка за отварање на **Младински центра** за што исто така во соработка со Агенција за млади и спорт, Сојузот за младинска работа и младинските здруженија на граѓани сме во координација околу избор на просторот и следни чекори за негово функционирање.
Во буџетот на Општина Битола – Програмата за економски развој 2021 испланирани се 150.000 ден за младински активности така да штом се формира ЛМС ќе се распиши повик за нивна реализација. Со ребаланот на буџетот ќе се испланираат и средства во висина од 100.000 ден за програмскиот дел на Младинскиот центар.
Останува да се изработи нова **Стартегија за млади** бидејќи старата беше до 2019 год. за што ќе се заложиме во наредниот период и сме во фаза на

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 336 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

одредување на **службеник за млади**, лице одговорно за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата.

28.04.2021
Изготвил:
м-р Виолета Налевска
советник за ЕР

# Re: Барање за пристап до информации од јавен карактер

Evgenija B. Josifovska <e.b.josifovska@hotmail.com>
Thu 4/29/2021 8:39 AM
To:

2 attachments (292 KB)
Решение јавни информации.docx; Одговор.doc;

Почитувани,

Ви го праќам одговорот и Решението за Вашето барње за пристап до информации од јавен карактер
испратено до Општина Битола на 28.04.2021

Со почит,

Евгенија Бекташ Јосифовска
Лице задолжено за пристап до информации
од јавен карактер
Општина Битола
e-mail: e.b.josifovska@hotmail.com;
тел: 00389 47 208 339; 00389 71 285 656

---

**From:**
**Sent:** Wednesday, April 28, 2021 8:00 AM
**To:** e.b.josifovska@hotmail.com <e.b.josifovska@hotmail.com>
**Subject:** Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувана Евгенија,

Во овој е-маил ви испраќам пополнет образец на барање за пристап до информации од јавен карактер од општина Битола.

Како мобилизатор на заедницата во проектот за поддршка на изборни реформи во Северна Македонија (проект на Швајцарската агенција за развој и соработка, а спроведен од ИФЕС и НМСМ) една од обврските ми е мониторирање на мерката од програмата на Влада за 2021 предложена од АМС за спроведување на Законот за младинско учество и младински политики, односно отварање на младинските центри. За таа цел Ве замолувам за информација од јавен карактер која треба да ја има општина Битола.

Се надевам на брз одговор и успешна понатамошна соработка!

*Секое добро,*

*please consider the environment before printing*